До: Државна комисија за спречување на корупцијата
(имател на информацијата)

03 315/1

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted], [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Доставете ни извештај за бројот на пријави/претставки за корупција и видот на корупција која се пријавува од студенти од државните и приватните универзитети во Р.С.Македонија во последните пет години.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје,**
**18.01.2024 година.**

[redacted]

03-315/2
31-01-2024

Врз основа на член 20 став (1) и член 21 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-315/1 од 23.01.2024 година, поднесено преку барателот на информацијата [redacted] на колегиум одржан на ден 29.01.2024 година го донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-315/1 од 23.01.2024 година, поднесено преку барателот на информацијата, [redacted], доставено до ДКСК **СЕ УВАЖУВА**.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

***Образложение***

Барателот на информацијата, во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под архивски бр. 03-315/1 од 23.01.2024година, со кое побара: „Доставете ни извештај за бројот на пријави/претставки за корупција и видот на корупција која се пријавува од студенти од државните и приватните универзитети во Р.С. Македонија во последните пет години".

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

По разгледување на барањето, ДКСК утврди дека не располага со информации/податоци кои се однесуваат на бројот на пријави/претставки за корупција и видот на корупција која се пријавува од студенти од државните и приватните универзитети во Р.С. Македонија во последните пет години, од причина што во ДМС системот на ДКСК и во евиденцијата за постапување по предмети во Секторот за спречување на корупција не се води евиденција за економската активност на подносителот на пријавата.

Дополнително, на Ваш интерес може да се упатите за повеќе информации за бројот на пријави според области со наводи за незаконски и коруптивни елементи од страна на службени лица во јавниот сектор, како и областите за кои ДКСК по сопствена иницијатива има формирано предмети, се објавени во Годишните извештај за работата на ДКСК, во однапред пропишана форма и се достапни за јавноста, на следниот линк:

https://dksk.mk/mk/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d0%b8/

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:

**Да се достави до:**
- подносителот